# ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА**
**(ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН)**
**– ЗА ИЗГРАДБА НА СРЕДНОНАПОНСКИ ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ (10/20kV) ВОД**
**(од ГП 01 - од УП ВОН ОПФАТ НА УРБ. ПЛАН ЗА ФОТОВОЛТАИЧНА**
**ЕЛЕКТРАНА, до ПРИКЛУЧНА ТОЧКА А3 – СТОЛБ),**
**КО ЧЕЛОПЕЦИ, ОПШТИНА КИЧЕВО**

## ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

### ВОВЕД

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА (ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН) – ЗА ИЗГРАДБА НА СРЕДНОНАПОНСКИ ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ (10/20kV) ВОД (од ГП 01 - од УП ВОН ОПФАТ НА УРБ. ПЛАН ЗА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА, до ПРИКЛУЧНА ТОЧКА А3 – СТОЛБ), КО ЧЕЛОПЕЦИ, ОПШТИНА КИЧЕВО, ќе се работи согласно:

-Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија – 10/20kV среднонапонски подземен кабелски вод, КО Челопеци, општина Кичево со тех. бр.Y32024 и донесено Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за просторно планирање со бр. УП1-15-1564/2024 од14.11.2024г.

-Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, бр.111/23, бр.73/24, бр.171/24 и бр.224/24),

-Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20, бр.219/20, бр.104/22 и бр.99/23)

-Проектната програма за изработка на УП, одобрена со Решение бр.10-2986/4 од 02.12.2024г.

## 1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Проектниот опфат започнува пред градежната парцела ГП 01, планирана со УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 1405, КП 1406, КП 1407/1, КП 1407/2, КП 1408, КП 1409, КП 1410, КП 1411, КО ЧЕЛОПЕЦИ, ОПШТИНА КИЧЕВО, завртува кон север, односно кон Регионалниот пат Р1303 (делница Кичево – Македонски Брод), потоа завртува кон исток и продолжува паралелно со јужната страна на регионалниот пат Р1303, и непосредно пред столбот за приклучок преминува под регионалниот пат.

Столбот за приклучок, односно приклучната точка А3–столб бр.60280265, е дадена од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, во Решение за согласност за приклучување со бр.УП1-10-890 од 15.12.2023г.

Во наведената ГП 01, со УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 1405, КП 1406, КП 1407/1, КП 1407/2, КП 1408, КП 1409, КП 1410, КП 1411, КО ЧЕЛОПЕЦИ, ОПШТИНА КИЧЕВО, одобрен со Потврда бр. 10-1098/9 од 17.08.2023г., планирана е трафостаница, за која е потребно да се предвиди поврзување на електродистрибутивната мрежа во државата.

Границата на проектниот опфат опфаќа делови од КП 1410, КП 1412, КП 1413, КП 1733/1, КП 1302, КО ЧЕЛОШЕЦИ, ОПШТИНА КИЧЕВО.

Површината на опфатот изнесува 86,77m².

Должината на инфраструктурниот вод во овој УП изнесува 153м.

Границата на проектниот опфат е дефинирана со следните координати на прекршни точки:

Y=7503042.77 X=4591657.06
Y=7503040.34 X=4591657.59
Y=7503040.43 X=4591658.01
Y=7503033.67 X=4591659.64
Y=7503018.69 X=4591663.83
Y=7502998.69 X=4591670.86
Y=7502969.11 X=4591683.33
Y=7502957.66 X=4591688.08
Y=7502950.60 X=4591690.43
испакнатина 0.12
центар Y=7502950.36 X=4591689.72
радиус 0.75
почеток на агол 71d35'27"
крај на агол 99d55'31"
Y=7502950.24 X=4591690.46
Y=7502948.44 X=4591690.15
Y=7502941.77 X=4591689.02
Y=7502940.96 X=4591688.86
Y=7502939.66 X=4591688.60
Y=7502939.20 X=4591688.52
испакнатина 0.37
центар Y=7502939.32 X=4591687.78
радиус 0.75
почеток на агол 99d40'5"
крај на агол 180d0'0"
Y=7502938.57 X=4591687.78
Y=7502938.57 X=4591666.89
испакнатина -0.41
центар Y=7502937.32 X=4591666.89
радиус 1.25
почеток на агол 0d0'0"
крај на агол 270d0'0"
Y=7502937.32 X=4591665.64
Y=7502937.13 X=4591665.64
Y=7502937.15 X=4591666.14
Y=7502937.32 X=4591666.14
испакнатина 0.41
центар Y=7502937.32 X=4591666.89
радиус 0.75
почеток на агол 270d0'0"
крај на агол 0d0'0"
Y=7502938.07 X=4591666.89
Y=7502938.07 X=4591688.83
Y=7502939.57 X=4591689.09
Y=7502940.87 X=4591689.35
Y=7502941.68 X=4591689.52
Y=7502948.36 X=4591690.64
Y=7502950.46 X=4591691.01
Y=7502957.84 X=4591688.55
Y=7502957.84 X=4591688.55
Y=7502969.30 X=4591683.79
Y=7502998.87 X=4591671.32
Y=7503018.84 X=4591664.30
Y=7503033.80 X=4591660.13
Y=7503040.53 X=4591658.50
Y=7503040.71 X=4591659.35
Y=7503042.18 X=4591659.03
Y=7503044.36 X=4591668.68
Y=7503043.64 X=4591668.86
Y=7503044.08 X=4591670.81
Y=7503046.03 X=4591670.36
Y=7503045.81 X=4591669.38
Y=7503052.37 X=4591667.79
Y=7503052.60 X=4591668.74
Y=7503054.54 X=4591668.26
Y=7503054.07 X=4591666.32
Y=7503052.13 X=4591666.79
Y=7503052.25 X=4591667.30
Y=7503045.70 X=4591668.90
Y=7503045.58 X=4591668.38
Y=7503044.85 X=4591668.56
Y=7503042.67 X=4591658.92
Y=7503043.15 X=4591658.82

## 2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА

Предметниот локација до сега не била опфатена со урбанистичка документација. Согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, бр.111/23, бр.73/24, бр.171/24 и бр.224/24) и затоа предметниот урбанистички проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

За Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија – 10/20kV средноналонски подземен кабелски вод, КО Челопеци, општина Кичево со тех. бр.Y32024, издадено е Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за просторно планирање со бр. УП1-15-1564/2024 од14.11.2024г.

За подолжното водење на средонапонскиот подземен кабелски (10/20kV) вод и подземниот премин, покрај и под Регионалниот пат Р1303 (делница Кичево – Македонски Брод) добиено е **Одобрување за попречен премин на 10(20) kV подземен кабелски вод со дупчење под регионалниот пат Р1303 (Р-513) делница: Македонски Брод – Кичево и негово подолжно водење покрај истиот, како и услови за користење со бр.УП10-113/5 од 12.06.2024г. од Јавното претпријатие за државни патишта**

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, НА ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА И НА НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ: ГЕОГРАФСКИ, ГЕОЛОШКИ, ГЕОМЕХАНИЧКИ, СЕИЗМИЧКИ, КЛИМАТОЛОШКИ, ХИДРОГРАФСКИ, ХИДРОЛОШКИ ПОДАТОЦИ, ПРИРОДНИ РЕСУРСИ, ЗАШТИТЕНИ ЕКОСИСТЕМИ И ДРУГО

Проектниот опфат се наоѓа на приближна оддалеченост 350m, јужно од селото Челопеци, општина Кичево.

Конфигурацијата на теренот е со пад од приближно 0,6%, во правец од исток кон запад.

Надморската висина се движи од 586,6м до 586м.

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учеството и влијанието на човекот во нив спаѓаат географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики.

Клима: Територијата каде се наоѓа предметната локација е под влијание на планинска и умерено континентална клима. Умерено континенталната клима се карактеризира со умерено топли лета и свежи зими. Врнежите се со преоден медитерански плувиометриски режим. Планинската клима се карактеризира со свежи лета и свежи зими.

Просечната годишна температура изнесува 11,0°C (апсолутна минимална 25,7°C и апсолутно максимална 28,0°C), во рамничарскиот дел и 4°C на планините Челоица (Добра Вода). Амплитудата од апсолутно минималната до апсолутно максималната изнесува 53,7°C. Просечно најстуден месец во годината е јануари, со температура од 0.5°C, а најтопол месец е јули со 21°C. Периодот со температура над 10°C што претставува вегетацискиот период, трае од 10 април до 26 октомври или 199 дена во рамничарскиот дел и 120-150 дена на планините. Мразниот период просечно годишно трае 155 дена (од 5 ноември до 6 април), а вистинскиот број на денови со појава на мраз изнесува 77,4 дена.

Врнежи: Просечната годишна количина на врнежи изнесува 763mm а највисоките делови на Бистра и другите планини тие достигнуваат до 1000mm. Најголеми количини на врнежи паѓаат во ноември, а најсушни месеци се јули и август. Снежните врнежи учествуваат со 35%, во рамничарските терени, до 55% на планинските делови. Во овој реон снежниот период просечно годишно трае 72 дена, а на планините 120 дена.

Ветрови: Во однос на воздушните струења, најчест ветер е северот со 161‰ и југот со 140‰ со брзина на дување 1,8m/s средна јачина и максимална од 8 бофори и јужниот со средна јачина од 1,9m/s и максимална од 8 бофори. Други ветрови по честина се

североистични со 86‰ и југозападниот со 63‰, источниот со 39‰ и западниот со 20‰. Брзината на сите ветрови е од минимум 1,6m/s до 2,3m/s средна јачина и максимална од 6-8 бофори. 6 бофори источниот и североисточниот ветер, до максимални 8 бофори северниот, јужниот и југозападниот ветер.

Сеизмика: Сеизмички, предметната локација припаѓа на подрачја подложени на чести и јаки земјотреси, предизвикани од локалните и подалечните епицентрални жаришта. Во ова подрачје можни се потреси со јачина до 8° по М.К. скала.

(Податоците се од мерна станица Кичево.)

## 4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ: КУЛТУРНО, ИСТОРИСКИ, ДЕМОГРАФСКИ, ЕКОНОМСКИ, СТОПАНСКИ, СООБРАЌАЈНИ, СОЦИЈАЛНИ И ДРУГИ ЧИНИТЕЛИ

Создадените вредности и чинителивлијаат на просторно-физичкиот развој на опфатот, како составен дел на истиот во неговото опкружување.

-Население

Како демографска рамка, во конкретниот случај населението е категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

-Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети. Реализацијата на документацијата за 10/20kV среднонапонски подземен кабелски вод, КО ЧЕЛОПЕЦИ, Општина Кичево ќе влијае на поттикнување на развојот на производниот сектор.

Со планскиот и организиран начин на ширење на инфраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување на просторна разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

-Енергетика

Според статистичките податоци последниве години во државата, над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива „Европа 2020" за паметен,

одржлив и сеопфатен развој, предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Реализацијата на 10/20kV среднонапонски подземен кабелски вод за потребите на фотоволтаичната електрана влијае на подобрување на перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електричната енергија и емисиите на стакленички гасови.

-Сообраќај и врски

Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта „Р1“ и е со ознака:

-Р1303-(Прилеп-врска со Р1101-Македонски Брод-Кичево-врска со А2).

## 5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА: ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

За потребите за изработка на урбанистичкиот проект изработен е Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени Ажурирана геодетска подлога од КАТ ПЛУС КИЧЕВО со бр.0815-148/2 од 30.04.2024г.

За утврдување на постојната состојба, направена е инвентаризација во рамките на проектниот опфат.

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ | 100% | 86,77 | m² |
| 1 | АСФАЛТИРАН ПАТ | 3,50% | 3,04 | m² |
| 2 | ЗЕМЈЕНА ПОВРШИНА | 83,12% | 72,12 | m² |
| 3 | НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 13,38% | 11,61 | m² |

## 6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

Во доставените податоци од Министерството за култура, Управа за заштита на културното наследство со бр.17-3626 од 29.11.2024г. се наведува дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека птреставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археилошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласнот со одредбите од член 65

од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

**7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА: СООБРАЌАЈНИТЕ, ЕЛЕКТРИЧНИТЕ, КАНАЛИЗАЦИСКИТЕ, ВОДОВОДНИТЕ, ПОШТЕНСКИТЕ, ГАСОВОДНИТЕ, ТОПЛОВОДНИТЕ, ТЕЛЕФОНСКИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ**

За предметниот урбанистички проект во електронскиот систем Е-урбанизам, побарани се податоци, информации и мислења од:

-во постапка бр. 66390:

-Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство

-Министерство за животна средина и просторно планирање

-Министерство за одбрана на РМ – Сектор за недвижности и услуги – Одделение за градежно обезбедување – Скопје

-Министерство за внатрешни работи на Р.С. Македонија Оддел за информатика и телекомуникации - Сектор за телекомуникации

-ЈП КОМУНАЛЕЦ- Кичево

-ЕВН - Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје

-Македонски Телеком АД Скопје

-АД Пренос на електрична енергија и управување со електро енергетскиот систем МЕПСО

-Дирекција за заштита и спасување-Подрачно одделение за заштита и спасување-Кичево

-Агенција за електронски комуникации – АЕК

-НОМАГАС АД СКОПЈЕ

-АД Водостопанство на РСМ

-Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА

-во постапка бр. 66392:

-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Одговор доставиле:

(во законски предвидениот рок)

-НОМАГАС со бр.08-5541/2 од 15.11.2024г.

-Дирекција за заштита и спасување – подрачно одделение Кичево со бр.09-459/2 од 18.11.2024г.

-Македонски Телеком АД – Скопје, со бр. 66390 од 15.11.2024г.

-МЕПСО, со бр 11-7360/1 од 18.11.2024год.

-Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево со бр.09-1564/1 од 20.11.2024г.

-Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Кичево, со бр.09-2110/2 од 25.11.2024г.

-Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, со бр.10-23/7-417 од 15.11.2024г.

-Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство со бр.17-3626/2 од 29.11.2024г.

-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, со бр.10-11359/3 од 22.11.2024г.

Одговор не доставиле:

-Министерство за животна средина и просторно планирање

-Министерство за одбрана на РМ – Сектор за недвижности и услуги – Одделение за градежно обезбедување – Скопје

-Министерство за внатрешни работи на Р.С. Македонија Оддел за информатика и телекомуникации - Сектор за телекомуникации

-Агенција за електронски комуникации – АЕК

-АД Водостопанство на РСМ

Според добиените податоци од НОМАГАС со бр.08-5541/2 од 15.11.2024г., во предметниот опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Од Дирекција за заштита и спасување – подрачно одделение Кичево со бр.09-459/2 од 18.11.2024г добиени се претходни услови за заштита спасување кои ќе бидат вградени во урбанистичкиот проект.

Според добиените податоци и информации од Македонски Телеком АД – Скопје, со бр. 66390 од 15.11.2024г. во близина на проектниот опфат има постојна МКТ инфраструктура (Бакарен комуникациски кабел) кој ќе биде прикажан во графичките прилози.

Од добиените податоци за постојни и планирани електро енергетски објекти добиени од МЕПСО, со бр 11-7360/1 од 18.11.2024год. евидентирано е дека овој опфат НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Според добиените податоци и информации од Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево со бр.09-1564/1 од 20.11.2024г. на предметната локација нема подземни инсталации со кои стопанисува ЈП за водоснабдување Студенчица Кичево. Предвидениот зафат е надвор од заштитните зони на цевководот.

Според добиените податоци од Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Кичево, со бр.09-2110/2 од 25.11.2024г. во предметниот проектен опфат не постојат водовни и фекални канализациони линии со кои стопанисува и кои што ги одржува ЈП „Комуналец“ Кичево.

Од добиените податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, со бр.10-23/7-417 од 15.11.2024г.евидентирани се следните електроенергетски објекти:

- 10(20)kV Надземна мрежа (во непосредна близина);

Според добиените податоци и информации од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, со бр.40-11359/3 од 22.11.2024г.,: *„Имотниот лист бр.34 за КО Челопеци, предметното земјиште на КП бр.1410 и 1412 катастарска култура ливада, катастарска класа 2 и 3 и Имотниот лист бр.56 за КО Челопеци, катастарска култура нива, катастраска класа 2, се во приватна сопственост. Имотниот лист бр.187 за КО Челопеци, предметното земјиште на КП бр.1733/1 и 1413 се со катастарска култура гз и не претставуаат земјоделско земјиште и врз истото, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема надлежност .“*